
Периодичен извештај

СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

август - декември 2025 година



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

Наслов:

ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ
За периодот август – декември 2025 година

Издавач:

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

Скопје, јануари 2026 година

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија.
Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ 4

Гласање и систем за тонско снимање 5

Јавни седници на ССРСМ 5

Годишни извештаи за работата на ССРСМ 6

Присуство на членовите, по функција, на седниците на ССРСМ 6

Анализа на содржината на објавите на Судскиот совет и на изјавите за медиуми 7

Отвореност кон јавноста и кон медиумите 8

ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ 9

Имплементација на препораките од Оценската мисија на ЕУ 9

Избор на судии и претседатели на судови 11

Избор на член на Судски совет од редот на судиите 11

Разрешување судии и претседатели на судови 11

Следење на работата на судовите 12

Одлучување по претставки од граѓани и од правни лица 12

ЗАКЛУЧОК 14

ПРЕПОРАКИ 15

ВОВЕД

август - декември
2025 година

Институтот за човекови права, редовно ја следи работата на Судскиот совет преку присуство на сите отворени седници. Цел на оваа активност е, преку објективно набљудување да се идентификуваат предизвиците и постигнувањата во работењето на Судскиот совет, како и да се дадат заклучоци и препораки базирани на докази со цел подобрување на состојбата во судството. Оваа активност се спроведува во рамки на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025", финансирана од Европската Унија, во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми, за 2022 година.

Мониторинг извештајот за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Судски совет или ССРСМ) се однесува на **периодот од август до декември 2025 година.**

Извештајов е структуриран во три главни делови, кои се фокусираат на **транспарентноста**, **ефективноста и ефикасноста на Судскиот совет**.



За подготовка на извештајот се користени повеќе извори на информации: присуство на сите отворени седници на Судскиот совет, записници и извештаи од Судскиот совет, објави и документи достапни на веб-страницата на Судскиот совет, објави во медиуми, итн.

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

одржани
7 седници

Во наведениот временски период ССРСМ **има одржано 7 седници, од кои едната била итна јавна седница.** Објавувањето на информациите за закажувањето на седниците, во поголемиот број случаи, било навремено.

Сепак, во овој период се забележува релативно намалена активност на ССРСМ, што е видливо и по намалениот број на седници така и по ограничениот број точки кои беа разгледувани на седниците. Дел од оваа состојба се должи на предизборниот периодот за локалните избори, бидејќи ССРСМ одлучи дел од своите активности да ги „замрзне". Во период од месец дена воопшто немаше седници, во кој постоеше можност за реализирање на активности кои не се поврзани со избор, унапредување, разрешување или дисциплински постапки за судии/претседатели на судови.

И во овој период продолжува практиката на **пократки и поедноставни известувања за точките од дневниот ред и одлуките.** Оваа практика, која се појави во последниов период, би требало да се надмине, во периодот што следува. Судскиот совет би требало да поработи на начинот на известувања поврзани со точките од дневниот ред кои се разгледувани и усвојувани, со цел подобрување на неговата активна транспарентност. Особено е важно тоа бидејќи записниците од седниците се објавуваат дури по нивното усвојување, што ја одложува информираноста на граѓаните и институциите за донесените одлуки, и покрај тоа што седниците се јавни.

Преносот во живо преку YouTube каналот на ССРСМ продолжува, овозможувајќи секој заинтересиран граѓанин да ја следи работата на Советот. Сепак, пребарувањето на стримингот не е веднаш достапно, што го намалува ефектот од овој начин на известување. На седниците редовно присуствуваат медиуми, новинари и претставници на невладини организации, што укажува на зголемен интерес за работата на ССРСМ и за неговото постапување.

Законската обврска за објавување на записниците од седниците на ССРСМ се почитувала. Записниците се детални и содржат објаснувања за дискусиите и одлуките, но нивното објавување понекогаш се оддолжува поради процесот на усвојување. На седниците на кои се усвојуваат записниците, вообичаено нема забелешки за нивната содржина. **Во овој временски период не може да се забележи редовно усвојување на записниците, односно записниците се усвојуваат со задоцнување и соодветно се објавуваат на веб страницата на ССРСМ**.



ГЛАСАЊЕ И СИСТЕМ ЗА ТОНСКО СНИМАЊЕ

Во овој период не се забележани проблеми со користењето на новиот електронски систем за тонско снимање и гласање. Системот овозможува моментално прикажување на резултатите од гласањето за секој член на ССРСМ, што значително ја унапредува транспарентноста и ја зголемува индивидуалната одговорност на членовите на Советот. Овој систем ја прави работата на Советот поотворена и го овозможува директното следење на одлуките и гласовите на секој член, што е значајно за градење доверба кај јавноста.



ЈАВНИ СЕДНИЦИ НА ССРСМ

Што се однесува до динамиката на одржувањето на седниците, на месечно ниво, **во текот на еден месец се одржувале една до две седници. За разлика од претходниот период, ова е намалување на бројот на седниците што ги одржува ССРСМ, на месечно ниво, и може да се забележи помала динамика на одржувањето од претходно.** Вообичаено, на една седница во месецот се одлучува по претставките на граѓаните и на правните лица, што е и законска обврска.

Надмината е практиката на одржување на состаноци или колегиуми пред отпочнувањето на седниците и истите на време се започнуваат. Исто така, во овој

извештаен период не се бележат итни седници, освен една. Но, на самата јавна седница се **додаваат точки на дневен ред, кои се поразлични од тие што се објавени на веб страната на Судскиот совет, а кои навремено би требало да се ставени, со оглед на значењето на содржината на точките.**

Во иднина, неопходно е институцијата суштински да ја промени оваа практика и да обезбеди навремени, јасни и достапни известувања за јавните седници.

Јавните седници на ССРСМ и работењето на членовите е обемно, со многу точки на дневниот ред, при што **може да се забележи активно учество во дискусиите на сите членови, со користење право на реплика, аргументација, образложување, со различни толкувања за одредени состојби кои претходно биле расправани и по кои веќе биле донесени заклучоци или биле допрецизирани некои постапки кои не биле доволно образложени**. Понекогаш има и поинтензивни дискусии, што остава впечаток дека членовите меѓусебно се убедуваат чија аргументација е по законска, особено кога има различни ставови за веќе претходно расправани состојби кои не се дефинирани во закон.



ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ССРСМ

Годишниот извештај за работа на ССРСМ, за 2024 година сè уште е во собраниска процедура.[1]



ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ, ПО ФУНКЦИЈА, НА СЕДНИЦИТЕ НА ССРСМ

Во овој извештаен период **министерот за правда не беше присутен на ниту една седница на ССРСМ,** иако тој, како и претседателот на Врховниот суд на РСМ, се членови по функција во Судскиот совет кои можат да учествуваат на седниците, но немаат право да гласаат.

Претседателот на ВСРСМ понекогаш присуствува на седниците одржани во овој временски период, давајќи свој придонес во некои дискусии по одредени точки.

1 https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=fef83a5a-4085-4f7f-9947-e41b80a09bfd

АНАЛИЗА НА СОДРЖИНАТА НА ОБЈАВИТЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ И НА ИЗЈАВИТЕ ЗА МЕДИУМИ

Во услови на големи напади од извршната власт, не може да се забележат поголеми реакции од ССРСМ на овие напади. Сепак, **поради поголемиот број на напади во предизборната кампања за локалните избори од страна на извршната власт, ССРСМ излезе со соопштение за јавноста со кое остро се спротивставува на користење на судството за дневно политичка кампања** и повикаа „да секој кој има сериозни индиции и докази за криминално и коруптивно однесување во судството веднаш да пријават до надлежните органи, вклучително и до ССРСМ“[2].

Но **многу позначајно и со поголем ефект имаше соопштението кои го дадоа Судскиот совет на РСМ, Врховниот суд на РСМ и Здружението на судии на РСМ кое беше директно насочено кон премиерот, што досега не било својствено за претставниците на правосудството на ваков начин на обраќање**. Со соопштението тие се осврнаа на континуираните критики кои се упатуваат кон судството без аргументи со што се нарушува демократскиот принцип конципиран на рамноправност на трите власти, судската, законодавната и извршната.[3]

Во временскиот период за кој се однесува овој извештај, како што може да се види од веб страницата на ССРСМ, може да се констатира дека претседателот на ССРСМ - Александар Камбовски, имал состаноци со претставници на меѓународни организации и домашни институции од правосудниот сектор.

Во своите изјави и интервјуа **претседателот претежно се осврнува на предизвиците со кои се соочува судството, а тоа се пред се' нападите од извршната и законодавната власт, финансиската зависност, односно немањето доволно средства за функционирање на судството.**

Може да се констатира дека, во споредба со претходниот период, е подобрена транспарентноста на ССРСМ кон општата јавност, има повеќе информации за активности кои се поврзани со посети и состаноци, но ништо повеќе од редовна работа, односно ништо за активности во насока на подобрување на моменталната состојба во судството.

Се согледува и дека **моменталната веб-страница на ССРСМ не е доволно лесна за пребарување и не овозможува лесна достапност до документи и објави**.

Во насока на поголема видливост ССРСМ треба да обезбеди навремени, јасни и целосни известувања за јавните седници, без дополнително и доцно вклучување на точки на дневниот ред. Потребно е проактивно и појасно јавно комуницирање, особено во ситуации на напади врз судството, со цел зајакнување на довербата на јавноста. Транспарентноста треба да се унапреди не само преку информирање за тековни активности, туку и преку јасно презентирање на конкретни мерки и иницијативи за подобрување на состојбите во судството. Неопходно е унапредување на веб-страницата на ССРСМ за полесно пребарување и достапност до документи, одлуки и соопштенија.

2 http://sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/vesti

3 http://sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/vesti

ОТВОРЕНОСТ КОН ЈАВНОСТА И КОН МЕДИУМИТЕ

Во анализираниот период се забележува континуиран интерес за работата на ССРСМ од страна на медиуми, невладини организации и јавноста. Иако седниците се пренесуваат во живо и линковите од истите се достапни по секоја седница, соопштенијата се кратки и често не содржат доволно информации за точките на дневниот ред.

За подобрување на видливоста на работата на Советот, потребно е почесто објавување на соопштенија кои ги опфаќаат секојдневните активности и иницијативите на ССРСМ, со посебен фокус на обезбедување независност на судството и решавање на актуелни проблеми во системот.

ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД ОЦЕНСКАТА МИСИЈА НА ЕУ

Препораките коишто беа презентирани во Извештајот на Оценската мисија на ЕУ, во 2023 година, а се однесуваа на подобрувањето на состојбата во ССРСМ и на судството во целина, во 2024 година, беа прифатени од ССРСМ преку Акцискиот план за нивно спроведување. Во текот на 2024 година беа донесени повеќе акти, кои значеа примена на конкретните препораки за подобрување на функционирањето на ССРСМ, за кои немаше потреба од законски измени. Овие активности ја демонстрираат јасната волја на ССРСМ за навремено и систематско следење и спроведување на препораките, особено оние кои беа директно применливи во рамки на работата на Советот.

Но, во периодов на известување, освен учеството во работни групи за измени на повеќе закони кои се однесуваат на судството, не може да се забележат значајни активности во насока на имплементација на дел од препораките на Оценската мисија, кои беа предвидени во Акцискиот план што го усвои ССРСМ, што укажува на одредена ограниченост на нивната практична примена.

Врз основа на препораките дадени во Извештајот на Оценската мисија, а во согласност со Реформската агенда, **во декември 2025 по долга подготовка и значително одолговлекување беше донесен Законот за Судскиот совет на РСМ**. Во текот на подготвување на измените на законот, и покрај тоа што во работната група имаше два члена и од Судскиот совет, сепак на седниците на Судскиот совет воопшто не се дискутираше за предложените измени.

Со донесувањето на овој закон се унапредуваат постојните одредби со цел отстранување на лоцираните слабости во Законот, се допрецизираат правните празнини, како и се вградуваат препораките на Оценската Мисија на Европската Комисија и на Венецијанската комисија.

Во ноември 2025 година, **ССРСМ ја претстави Предлог-програмата и Акциониот план за спречување и следење на корупцијата во судството за периодот 2026–2029 година**. Овој документ претставува значаен чекор кон унапредување на правосудниот систем и е директно поврзан со процесот на европските интеграции на државата. Изготвен е со поддршка од Фондот за борба против корупцијата при Француската агенција за развој и во соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата на РСМ.

Програмата и Акциониот план се фокусирани на спречување на коруптивни појави како надвор од судството, така и внатре во системот, со крајна цел консолидирање на независноста на судството, обезбедување управување засновано на заслуги, зголемена отчетност и враќање на довербата на јавноста во правосудството. Новата Програма ќе овозможи посилно управување со судството, подобрување на отчетноста и транспарентноста на ССРСМ, како и вградување на интегритет и антикорупциски

практики во секојдневното функционирање на судските институции. Во рамки на подготовката на Акциониот план, беа организирани тркалезни маси на терен, на подрачјето на Апелационите судови во Скопје, Битола, Гостивар и Штип, каде пред судии и судската служба беше презентиран предлогот за новата Програма и Акциониот план. На овие состаноци се овозможи директен дијалог и размена на мислења, со што се поттикна инклузивен пристап кон креирање на стратегијата за борба против корупција во судството.

Со усвојувањето на Програма и Акционен план за спречување и следење на корупцијата во судството 2026-2029 во декември, ССРСМ ја исполни обврската на одговорна институција согласно Реформската агенда на ЕУ за Северна Македонија 2024-2027 за постигнување на овој чекор во областа Владеење на правото, подобласт Независност, квалитет и интегритет на судството, со рок на донесување декември 2025 година.

Усвоените измени на неколкуте документи, во 2024 година, требаше да бидат основа за подобрување на суштинската транспарентност на ССРСМ, којашто директно ќе влијае и на неговото ефективно работење и ќе значи јакнење на довербата, не само кон граѓаните, туку и кон судиите. Сепак, ССРСМ не успеа докрај да остане доследен при применувањето на овие документи и практики.

Во февруари 2024 година ССРСМ го разгледуваше прашањето за начинот на постапување на ССРСМ по донесувањето Одлука на Собранието на РСМ за распишување на локалните избори. Имено, согласно со препораката на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК), за доследна примена на член 8-а од Изборниот законик во кој се определува дека не може „да се започне постапка за вработување нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се стават во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“, членовите повторно, како и за парламентарните избори, расправаа за постапувањето по однос на оваа препорака, односно што треба тоа да значи за редовните активности на ССРСМ. Дел од членовите беа категорични дека нема основ да се толкува овој член од Изборниот законикот и од Препораката на ДКСК, бидејќи е јасен и треба да се почитува, односно да се сопрат сите активности на ССРСМ кои се однесуваат на избор и разрешување на судии/претседатели на судови во изборниот период. Од друга страна, дел од членовите не се согласуваа со примената на овој член во целост, бидејќи тоа ограничување не се однесува на судството, кое е една од трите власти, независна од другите две, и не може истите правила да важат за судството, бидејќи ССРСМ не врши вработувања, односно отпуштање од работа на судии или претседатели на судови. Се работи за постапки кои траат долго, како и за огласи кои се објавени многу порано од донесената одлука на Собранието на РСМ. Истото важи и за постапките за разрешување.

ССРСМ донесе „Заклучок со кој заклучоците на Судскиот совет на Република Северна Македонија во однос на постапките за избор на претседател на суд/судија и постапките за утврдување на одговорност на претседател на суд/судија за време на претседателски и парламентарни избори во 2024 година остануваат во сила и за време на спроведување на локалните избори во 2025 година, од денот на донесување на одлуката за распишување на изборите па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот“.[4]

4 Соопштение од 528-ма седница на Судскиот совет на РСМ одржана на 11.09.2025 година

ИЗБОР НА СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во овој период **беше избран само еден ВД претседател на Управниот суд**, додека на седницата од ноември **беа продолжени функциите на 13 судии од различни судови**, вклучувајќи го Врховниот суд, Основниот граѓански суд Скопје, Основниот кривичен суд Скопје и судови во Велес, Дебар, Крива Паланка, Штип и Струга.

Со измените на Законот за работни односи, кои овозможуваат продолжување на работниот однос по 62 или 64 години, ССРСМ овозможи продолжување на судиските функции за да се намали недостатокот на кадар во основните и апелациските судови.

Загрижувачки е податокот дека и понатаму има тренд во помалите судови да нема заинтересирани кандидати за претседатели на судовите.

ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СУДСКИ СОВЕТ ОД РЕДОТ НА СУДИИТЕ

ССРСМ во законски предвидениот рок ја започна постапката за избор на член на Советот од редот на судиите припадници на заедницата која е повеќе од 20% од граѓаните во РСМ, на местото на Ханиф Зендели, судија од Апелационен суд Гостивар, на кого мандатот му завршува на почетокот на февруари 2026 година. Во очекување на носење на нов закон за ССРСМ во кои се предвидуваат нови услови за избор на членови на ССРСМ сепак беше одлучено да се запази законскиот рок за објавување на оглас и да се води постапката за избор на член по важечкиот закон, од причини што до крајот на тековната 2025 година уште на два члена од ССРСМ им завршува мандатот. Имено на членот Селим Адеми му заврши мандатот на почетокот на декември, додека на Весна Дамева при крај на декември 2025 година и со тоа вкупниот број на членови на ССРСМ би изнесувал 10, имајќи во предвид дека во јули 2025 година му заврши мандатот и на Миљазим Мустафа. Бидејќи сите три члена се избрани од редот на истакнати правници, и ги избира Собранието, најавите за нивен избор кои доаѓаат од Претседателката на РСМ и од Собранието на РСМ укажуваа дека ќе се чека новиот закон за ССРСМ за да се изберат овие членови.

РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во периодот до декември 2025 година Судскиот совет правосилно разрешил еден судија, а одлуката за разрешување на судијата Енвер Беџети, Судскиот совет на РСМ ја објави на својата веб страна и во “Службен весник на РСМ“ бр. 197/25 од 24.09.2025 година.

Во периодот од 1.8.2025 година до 11.12.2025,[5] Судскиот совет постапувал по 40 барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност, од кои за 3 донел

5 Решение бр. 11-2471/2025 од 17.12.2025 од ССРСМ, по претходно барање за пристап до информации од јавен карактер

одлука за запирање на постапката, додека за 37 донел решение за отфрлање на барањето како ненавремено, нецелосно или очигледно неосновано во смисла на член 63 ст.4 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

Следењето на работата на судовите ССРСМ го остварува преку разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи, но и преку посети на судовите од комисии составени од членови на Судскиот совет, што за 2025 година не беше предвидено со Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите како што беше претходните години.

Од кварталите извештаи се констатира дека **продолжува трендот на неажурни судови**, пред се' **поради недоволен број судии, ограничен административен капацитет и зголемен број предмети**.

ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА

Претставките од граѓани и од правни лица, кои се поднесуваат до ССРСМ, а се однесуваат на работата на судиите и на претседателите на судовите, редовно се разгледуваат и се решаваат со почитување на законските рокови.

Во втората половина од 2025 година биле разгледани околу 110 претставки поднесени од граѓани и од правни лица.

Најголем број од претставките Судскиот совет ги одбива како неосновани, имајќи предвид дека со претставките граѓаните, односно правните лица, бараат преиначување на судска одлука, бидејќи не се задоволни од истата. Во најголем број случаи Судскиот совет наоѓа дека постапката по предметот може да биде и по жалба пред второстепениот суд, па наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето, а бидејќи Судскиот совет нема ингеренции да интервенира во судските одлуки, ниту пак да ги менува истите, не наоѓа основи за постапување по поднесените претставки.

Исто така, **може да се забележи и отфрлање на претставките**, а како основна причина за отфрлањето се наведува немањето нови факти во однос на поднесената претставка, потоа фактот дека претставката е веќе разгледувана на некоја од претходните седници или пак поради тоа што истата не ги содржи сите податоци што се неопходни да биде разгледана.

Претставките за кои членовите на ССРСМ утврдуваат дека се основани содржат повеќе докази од кои во текот на испитувањето можат да се утврдат индиции за несовесно или нестручно работење на некој судија. Од значење за овие претставки е тоа што, кога се работи за претставка во која судијата ги пречекорил роковите за постапување, или за објавување на одлуката, или за изработување на одлуката, членовите на ССРСМ тоа го констатираат. Една од причините за ваквото постапување

е што ваквиот однос спаѓа во критериумите за оценување на судиите, согласно со Методологијата за нивно оценување. По целосното испитување на претставките за кои има индиции дека се основани, членовите на ССРСМ можат да покренат и постапка за одговорност на судијата/претседател на суд.

Анализата на одлучувањето по претставки укажува на неконзистентно и арбитрарно постапување по претставките, при што за суштински идентични или многу слични случаи се донесуваат различни одлуки, а претходно утврдените ставови се менуваат без соодветно образложение, што сериозно ја нарушува правната сигурност и довербата во Судскиот совет.

Може да се забележи неконзистентно постапување кај претставките по однос на основаноста, потоа дека понекогаш, за многу слични претставки, различно се одлучува, односно дека претходно донесените становишта се менуваат, без образложение.

ЗАКЛУЧОК



Во анализираниот период, не се бележи значително подобрување на општата транспарентност на Судскиот совет на Република Северна Македонија (ССРСМ), во согласност со Акцискиот план и Комуникациската стратегија донесени од страна на Советот. Иако се забележува континуитет во редовното спроведување на одредени активности, како постапувањето по претставките од граѓаните и правните лица, изборот на судии во основните судови, извршувањето на работни посети на судовите, редовното оценување на судиите и контролната улога на Советот преку квартални извештаи, сепак, се нотираат слабости кои го ограничуваат ефективното и доследно функционирање на институцијата.



Неколку критични прашања остануваат отворени, особено во однос на ефективноста и ефикасноста на работењето на ССРСМ, како и во однос на угледот и довербата меѓу судиите и јавноста. Конкретно, се забележува неконзистентно постапување на членовите на Советот при примена на донесените заклучоци и воспоставената практика, што понекогаш резултира со различни одлуки за слични претставки и ситуации, што укажува на слабост во институционалната дисциплина и недоволна стратешка ориентација кон отчетност.



И покрај тоа што кварталните и годишните извештаи за работата на судовите, како и извештаите од посетите се презентираат на јавни седници, во кои се констатира дека судовите се неажурни, со недостаток на кадар и преоптовареност со предмети, сепак заклучоци кои ги носи ССРСМ, ретко се спроведуваат на систематски начин, што ја намалува ефикасноста на надзорот на ССРСМ врз судовите.



Позитивно е тоа што во текот на периодот е утврден поголем број претставки како основани, што овозможува Советот да ги земе предвид при идентификување на индиции за несовесно или нестручно работење на судиите. Сепак, потребно е доследно да се применува воспоставената практика при одлучување за исти или слични наоди по претставките, за да се обезбеди правична и предвидлива постапка. Зголемениот број основани претставки не се интегрирани во системот на оценување и унапредување на судиите, што ја намалува нивната практична вредност.



Недостатокот на кандидати за помалите судови, кој се бележи подолг период, негативно влијае на работата на овие институции и претставува прашање што треба да се земе предвид при креирање на стратешки документи и законски измени.



Довербата во Судскиот совет останува релативно ниска, особено меѓу самите судии, што понатаму се рефлектира и кај општата јавност. Зголемувањето на довербата е критичен предуслов за ефективно функционирање на Советот и за поддршка на целокупниот правосуден систем.

ПРЕПОРАКИ

Врз основа на следењето на отворените седници на Судскиот совет, на извештаите за Судскиот совет, на објавите и документите објавени на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ и на објавите во медиумите, може да се дадат следниве препораки:

Суштинска имплементација на новиот Закон за ССРСМ и усвоените документи

ССРСМ треба да ги почитува и применува доследно сите одредби во новиот Закон за ССРСМ, како и документите кои произлегуваа од препораките на Оценската мисија, без одлагање и селективно толкување, особено во процесите за избор, унапредување и оценување на судиите.

Развој на база на уважени претставки

Да се воспостави база на претставки кои се признати како основани и да се обезбеди дека тие имаат влијание при натамошното унапредување на судиите. За исти или слични претставки треба да се обезбеди унифицирана постапка и одлука, која нема да зависи од поединечни судии или известители.

Реализација на стратегијата за борба против корупцијата

Да се започне со примената на новата стратегија и акциониот план за борба против корупција без одлагање, со цел враќање на довербата на граѓаните во судството и зголемување на интегритетот на институцијата.

Зголемување на довербата на граѓаните во судството

Советот треба активно да придонесува кон зајакнување на довербата во судството преку проактивни мерки и транспарентно известување, како и преземање на конкретни активности за намалување на перцепцијата за постоење корупција во правосудниот систем.

Доследно почитување на сопствените акти и стандарди

ССРСМ треба да обезбеди дека сите законски и подзаконски акти се доследно применуваат во тековното работење. При избор и унапредување на судии, како и при оценувањето на нивниот професионален ангажман, потребно е да се следат воспоставените процедури и критериуми.

Зголемена комуникација со јавноста

Потребно е зголемување на комуникацијата со јавноста преку редовни соопштенија, кои ќе бидат позитивен пример за соработка помеѓу институциите во судството и ќе придонесат кон поголема информираност и доверба во работата на ССРСМ.